# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 1 30 Јануари 2020 година, четврток


www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**


1. **Решение** за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година ............................. 2
2. **Одлука з**а изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на на државните службеници за 2020 година ...... 2
3. **Решение** за објавување на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“ ............................ 2
4. **Одлука** за сопствено учество во реализација на Проект „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“ ........ 3
5. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово во објектот во с.Брајковци ............... 3
6. **Одлука** за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово во објектот во с.Брајковци ............... 3
7. **Решение** за објавување на Одлуката за утрдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година ................. 4
8. **Одлука** за утрдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година......................................................... 4
9. **Решение** за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година .............. 4
10. **Одлука** за утврдуње на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година ....................................................... 5
11. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година .......... 5
12. **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година ...................................... 5
13. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Калинка Валандово ...................................................... 5
14. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Калинка Валандово .............................. 6
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис’ Валандово ............................................ 6
16. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис’ Валандово ............ 6
17. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019 година ............ 7
18. **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019

година ............................................................ 6
**19.** **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година ............................................................ 7
**20.** **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година ................................................ 7
**21.** **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година ........................... 7
**22.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година ....... 7
**23.** **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година ........................... 8
**24.** **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2020 година ............ 8
**25.** **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година .................... 8
**26.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година ............................................................ 8
**27.** **Решение** за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово ..................................................... 8
**28.** **Решение** за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово .................................... 9
**29.** **Решение** за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово ..................................................... 9
**30.** **Решение** за разрешување и за именување на член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово ........................ 9
**31.** **Решение** за објавување на Програмата за јавна чистота во Општина Валандово за 2020 година ..................................................... 9
**32.** **Програма** за јавна чистота во Општина Валандово за 2020 година ............................ 10

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/3 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.45-10997/1 од 28 декември 2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.276/19), Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**изменување на Одлуката за утрдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година**

**Член 1**

Во член 1 од Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година бр.08-162/5 од 30.12.2020 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.16/19), износот 81,10 денари се заменува со износ од 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“, а ќе се применува со исплатата на плата за месец јануари 2020 година .

Бр.08-10/3 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/4 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62, во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1, во врска со член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
**за сопствено учество во реализација на Проект „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово го утврдува сопственото учество во реализација на Проектот „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“.

**Член 2**

За реализација на Проектот „Регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово со село Горна Мала, општина Валандово“, чија вкупна вредност изнесува 2.638.788,00 денари, Општина Валандово, со сопствени средства ќе учествува во висина од 50% од вредноста на инвестицијата или со средства во износ од 1319.394,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член се предвидени во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, во Програма ЈД изградба и реконструкција на локални улици и патишта, ставка 482 920 –Изградба на други објекти.

Останатите средства во износ од 1.319.394,00 денари ќе ги обезбеди Бирото за регионален развој.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-10/4 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ Калинка Валандово во објект во с.Брајковци**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ Калинка Валандово во објект во с.Брајковци, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/6 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), член 22 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово во објект во с.Брајковци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово во објектот во с.Брајковци и тоа на следниот начин:

- Почетокот на работното време во 05,30 часот;
- Завршеток на работното време во 16,00 часот.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/6 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утрдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утрдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/9 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.44-110/1 од 14 јануари 2020 година, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утрдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година**

**Член 1**

Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово, за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“, а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за јануари 2020 година.

Бр.08-10/9 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утрдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утрдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/10 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19) ), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.45-10997/1 од 28 декември 2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.276/19), Советот на Општина Валандово,

на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утрдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во Јавната Општинска Установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово, за.2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“, а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2020 година.

Бр.08-10/10 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/2 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и првата редовна седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2019 година до 31.12.2019 година, со вкупно остварени приходи од 216.038.418,00 денари, односно 69,88% од планираните приходи и на извршени расходи од 215.456.943,00 денари, односно 69,68% од планираните расходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/2 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Калинка Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Калинка Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/5 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 19 став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/17, 21/18, 198/18, („Службен весник на РСМ“ бр.104/19 и 146/19), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово под бр.01-188/3 од 24.12.2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/5 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис’ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/11 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 88 став 3 од Законот за административните службеници (“Службен весник на РМ” бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 80/16, 127/16, 2/17, 16/17, 11/18 и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и првата редовна седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**1. Се дава согласност** на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис“ Валандово, бр.02-19/2 од 23.01.2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/11 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/13 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализираната годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на

културата „25-ти Мај“ Валандово за 2019 година, на кој Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово има дадено согласност со Одлука бр.02-5/3 од 21.01.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/13 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Пограмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/14 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2020 година, на која Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово има дадено согласност со Одлука бр.02-6/2 од 21.01.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/14 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/15 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2019 година .

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/15 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/16 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 29 и член 45, во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2020 година .

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/16 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/17 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 29 и член 45, во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29 01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/17 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и прввата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/7 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 114 став 8 и 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/17, 21/18, 198/18, („Службен весник на РСМ“ бр.104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово**

**1.** Савка Зафирова **СЕ РАЗРЕШУВА** од член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, како претставник на Општина Валандово, по сопствено барање.

**2**. За член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, претставник на Општина Валандово **СЕ ИМЕНУВА:**

- Марија Јосифовска

**3**. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/7 Совет на Општина Валандово
30.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за разрешување и за именување на член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/8 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 131 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/17, 21/18, 198/18, („Службен весник на РСМ“ бр.104/19 и 146/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 27 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и за именување на член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово**

**1.** Марија Занова **СЕ РАЗРЕШУВА** од член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, поради засновување на работен однос во установата.

**2.** За член на Органот за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ Калинка Валандово **СЕ ИМЕНУВА:**

- Мила Бајлозова Дончева

**3.** Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/8 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за јавна чистота во Општина Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за јавна чистота во Општина Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 29.01.2020 година.

Бр.09-135/12 Градоначалник
30.01.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12

163/13, 44/15, 147/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавна чистота во Општина Валандово за 2020 година**

**1. Вовед**

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Валандово за 2020 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивно финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густината на населеноста;
- фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- степенот на нечистотија;
- степенот на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.);
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- делувањето на градежните оперативи, кои со своите возила се јавуваат како едни од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.

Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

**2. Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите**

Одржување на јавната чистота ќе се состои од:

- Метење и миење на улиците и булеварот како и метење на сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота;

**3. Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавни објекти, онаму каде што нема, ќе се поставаат соодветни садови за фрлање на отпадоци и ќе се обезбедат јавни санитарни јазли.

**4. Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите ќе се одредуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Исчистените диви депонии се потврдуваат со доставување на месечен преглед од страна на Јавното претпријатие, а на кој одобрување дава Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

**5. Начин на финансирање**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, Програма Ј4 и истите изнесуваат 1.200.000,00 денари.

**6. Извршител на програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

ЈП „Комунален сервис“ Валандово изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**7. Надзор над извршувањето на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши Комуналниот инспектор на Општина Валандово.

**8. Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота на Општина Валандово за 2019 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-10/12 Совет на Општина Валандово
29.01.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

9. **Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота на Општина Валандово за 2019 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

јавната чистота во Општина Валандово ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2019 година, Програма Ј4 и истите изнесуваат 200.000,00денари.

10. **Извршител на програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

ЈП „Комунален сервис“ Валандово изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

11. **Надзор над извршувањето на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши Комуналниот инспектор на Општина Валандово.